ЕСЕН 2004 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ (ЛЕАПи) 3

ПОМОШ ПРИ ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ПРИОРИТЕТНИ ИНВЕСТИРАЊА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 4

ДОДЕЛЕНИ ПЕДЕСЕТ ИЛЈАДИ ЕВРА НА ОСУМ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ 6

THE REC CAPACITY BUILDING PROGRAM 2005 7

РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО СЕКТОРОТ ТРАНСПОРТ 9



*Драги пријатели,*

*Дозволете ми најнапред да Ви ја честитам Новата 2005 година и да Ви посакам многу успех во Вашата работа, среќа и добро здравје а воедно и да Ви се заблагодарам за Вашата досегашна соработка и придонес кон успешното работење на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.*

*Оставајќи ја зад нас изминатата 2004 година и успесите постигнати во неа, ние се искачивме чекор погоре кон врвот кој е крајната цел која треба да се достигне - успешно решавање на проблемите со животната средина, преку соработка помеѓу владата, НВОи, стопанскиот сектор и сите општествени чинители.*

*Минатата година беа реализирани повеќе активности за кои ние редовно Ве информиравме преку нашиот билтен и нашата веб страна. Накратко би го издвоила почетокот на реализацијата на проектот:* ***"Развивање на Локални еколошки акциони планови (ЛЕАПи) во Република Македонија"*** *финансиски поддржан од* ***Шведската Агенција за Меѓународна Помош и Соработка (Sida)*** *во рамките на кој преку конкурс беа одбрани 6 општини корисници кои во следниот период ќе работат на развивање на ЛЕАП и имплементација на дел од предвидените активности.*

*Активностите со НВОи и во 2004 год. беа интезивни и соработката успешна. Како дел од* ***"Националната програма за доделување на грантови за НВОи од областа на одржлив развој" финансиски поддржан од Канцеларијата на Европската комисија "Europe Aid"*** *во два циклуса беше објавен повик за доставување на пријави за проекти, при што во двата циклуса на 14 НВОи беа вкупно доделени финансиски средства во износ од 95,000 евра на НВОи за реализација на нивните активности од областа на одржлив развој. Имплементацијата на сите проекти продолжува до септември 2005 година.*

*Кон крајот на 2004 год, Канцеларијата на РЕЦ доби средства од* ***Јапонски Специјален Фонд (JSF)*** *за продолжение на проекот за EIA "****Помош во имплементацијата на нова ЕИА регулатива во Република Македонија****" кој ќе помогне за воспоставување на ЕИА акредатиционен систем за експерти.*

*Зелената приказна на РЕЦ во 2003 год. одбележа 10 години од својот почеток и по тој повод на 23 април 2004 година беше организирана свечена прослава на која присуствуваа многу наши пријатели, соработници и претставници на донаторите. На страниците на зелената приказна свој дел напишаа многу поранешни и сегашни вработени, директори, министри, раководители на проекти, членови на НВОи, членови на ЛСО и останати соработници како од Министерството за животна средина и просторно планирање, така и од многу други институции и организации. Ви ветувам дека таа и понатаму ќе продолжи со уште повеќе можности на полето на заштита и унапредување на животната средина. Во текот на 2005 година Канцеларијата на РЕЦ во Македонија ќе продолжи со својата работа на проектот* ***"Развивање на Локални еколошки акциони планови (ЛЕАПи) во Република Македонија, Националната програма за доделување грантови за НВОи од областа на одржлив развој, проектот: "Помош во имплементација на нова EIA регулатива во Република Македонија".*** *Исто така ќе продолжи и работата на некои активности кои се дел од проектите од* ***РЕРеП програмата*** *а секако се очекува и отпочнување на нови проекти за кои ќе Ве информираме во текот на оваа година преку нашиот билтен и нашата веб страна.*

*Ве поздравувам и Ви посакувам успешна работа и повеќе зелени мисли.*

Катарина Стојковска
*Директор*
*Канцеларија на*
*РЕЦ во Македонија*

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szentendre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната
средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2-2
1000 Скопје
Тел: 02 3131 904
Факс: 02 3128 116
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ (ЛЕАПи)

Општините Белчишта, Виница, Дојран, Ѓорче Петров, Илинден и Теарце ќе добијат финансиска помош од 10,000 ЕУР за изготвување на Локален еколошки акционен план според современа методологија. Постапката за изработување на ЛЕАП ќе се одвива во согласност со новите закони од областа на животната средина во Република Македонија и во иста линија со новиот Национален Еколошки Акционен



*Момент од потпишувањето на Договорите со Градоначалниците на Општините добитници на финансиската помош за изработка на ЛЕАП-и*

План (НЕАП), а за прв пат се воведени и еколошки индикатори за оцена на квалитетот на животната средина на локално ниво според стандардите на Европската Агенција за животна средина.

Откако стратешките ЛЕАП документи ќе бидат усвоени од страна на Советите на општините, истите ќе можат да одберат приоритетни акции од планот со кои ќе аплицираат во т.н. имплементационен фонд во висина до 50,000 ЕУР за секоја општина.

Паралелно со финансиската помош, поголем број претставници од корисничките општини ќе се стекнат со нови знаења од областа на животната средина, со што директно ќе се зајакнат локалните капацитети за планирање и управување со животната средина кои воедно се и нови надлежности на општините во процесот на децентрализација.

Свеченото потпишување на договорите со Градоначалниците на корисничките општини се одржа на 22 декември 2004 год, во хотелот "Инекс Горица" во Охрид. На потпишувањето на договорите свое обраќање имаше г-ѓата Ulrika Lindberg Labasauskas, која ја изрази политичката поддршка на Кралството Шведска спрема Република Македонија, изнесе препораки за општините, а исто така ги образложи и приоритетните цели и активности на Сида во областа на животната средина.

Првиот семинар ***"Подготвителни активности за изработка на ЛЕАП"*** се одржа во хотелот "Инекс Горица" во Охрид, од 22 - 24 декември 2004 год. На семинарот присуствуваа по 6 претставници од селектираните општини.

Семинарот беше искористен за запознавање на претставниците на општините со активностите кои секоја општина треба да ги превземе заради започнување на изработката на ЛЕАП. При тоа беа дискутирани следните теми: Формирање на организациска структура за изработка на ЛЕАП, изработка на проценка на состојбата со животната средина во општината и изработка на план за вклучување на јавноста во процесот на изработка на ЛЕАП. По завршување на семинарот, секоја од општините треба да ги реализира подготвителните активности за изработка на ЛЕАП и да ја заврши проценката на состојбата со животната средина најдоцна до крајот на март 2005 година.

Како предходница на сите овие активности во рамките на проектот **"Регионална размена за развој и имплементација на ЛЕАПи во Западен Балкан"**, финансиски поддржан од Шведската Меѓународна Агенција за Развој (Sida) се одржа **Прва регионална средба на тема *"Методологии за изготвување на Локални Еколошки Акциони Планови (ЛЕАПи)"*** во Драч, Албанија во организација на Канцеларијата на РЕЦ во Албанија. На Регионалната средба присуствуваа претставниците Локалните Власти и организации кои се корисници на оваа финансиска и техничка помош во земјите од Западен Балкан. Целта на средбата беше размена на информации и размена на искуства стекнти со работата на општините при изготвувањето и имплементирањето на ЛЕАПи. Претставник од Македонија беше Г-ѓа Катарина Стојковска, Директор на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Сите заинтересирани, подетални информации за проектот можат да добијат во Канцеларијата на РЕЦ.

*Лице за контакт:*
**Јордан Бајрактаров**
*Раководител на Проектот*
e-mail: jordan@rec.org.mk



*Воведни предавања за членовите на општинските иницијативни одбори за изготвување на ЛЕАПите.*

# ПОМОШ ПРИ ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ПРИОРИТЕТНИ ИНВЕСТИРАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во рамките на проектот РЕРеП 1.2 е изработена *Програма за Приоритетни Инвестирања во Областа на Животната Средина*, која ги опфаќа сите земји од регионот на Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора и Косово (територија под администрација на ОН).



*Добредојде на присутните на Регионалната Работилица им посакаа г-дин Драгољуб Матовски - Заменик Министер во МЖСПП и г-ѓа Катарина Стојковска- Директор на РЕЦ Канцеларијата во Македонија*

Информациите и податоците дадени во Програмата се врз база на сознанија на локални и меѓународни консултанти а потврдени и одобрени од Министерствата за животна средина во релевантните земји. Секоја земја даде општ преглед на состојбата со животната средина и подготви листа на жаришта во три области: вода, отпад и воздух.

Во рамките на проектот во текот на ноември и декември 2004 година се одржаа три работилници за трите различни области на дејствување: вода, отпад и воздух. На работилниците учествуваа по еден претставник од две жаришта за релевантната област и претставник од Министерството за животна средина од секоја земја. Работилницата за вода беше одржана на 11 и 12 ноември 2004 година во Белград, Србија и Црнагора, за отпад од 29 ноември до 1 декември 2004 година во Дубровник, Хрватска а за воздух на 9 и 10 декември 2004 во Скопје.

Во рамките на проектот а како дел од подготвителните активности за работилниците секоја фирма -жариште требаше да пополни прашалник во врска со моменталната состојба на загадувањето. Понатаму овие податоци ќе се искористат како информација за изработка на предлог проекти и студии со кои што понатаму фирмата-жариште ќе може да конкурира за финансиски средства за да се надминат проблемите со загадувањето и да се придонесе кон зачувување на животната средина.

Во Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање ги селектираше следните жаришта:



*Работа во групи - Идентификација на клучните бариери за имплементација на инвестициони ЕУ директиви во регионот и како да се надминат истите*

- За вода:
 а.) Рехабилитација на пречистителна станица за вода во ОХИС АД, Скопје; б.) Пречистителна станица за вода во Градот Битола;
- За отпад:
 а.)Отстранување на илегална депонија за опасни отпадоци во с. Лојане; б.) Третман НСН отпадот од постројката за Линдан во ОХИС АД, Скопје;
- За воздух:
 а.) Десулфуризација на воздухот од погоните на РЕК "Осломеј"- Кичево; б.) Мониторинг на Емисиите од Оџаците на РЕК Битола;

*Лице за контакт:*
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проекти*
e-mail: kornelija@rec.org.mk

# ПРОДОЛЖЕНИЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НОВАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ЕІА ПРОЦЕСОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Во периодот 2002-2003 година Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа-Канцеларија во Македонија со финансиска помош од страна на Јапонски Специјален Фонд(JSF) спроведе активности во рамките на проектот *"Поддршка на македонскиот правен систем со воведувањето на меѓународните EIA (Оценка за состојбата со животната средина) процедури"*. Преку реализирањето на активностите проектот помогна во подготвувањето на новиот предлог Закон за животна средина кој во себе ги содржи одредбите за EIA и SEA, како и во зајакнување на капацитетите на експертите кои ги изработуваат EIA студиите и претставниците на владините институции кои ги оценуваат истите.

За време на реализирањето на активностите како една од следните активности во оваа област од страна на сите учесници во проектот беше наведена потребата од подобрување на квалитетот на изработените EIA студии и поставување на критериуми за експертите кои ги изработуваат истите следејќи ги најновите позитивни искуства од другите земји.

Со цел да се продолжи во правец на помош во спроведувањето на новата законска регулатива за EIA од страна на Канцеларија на РЕЦ во Македонија беше иницирaн и од Јапонски Специјален Фонд одобрен за финансирање проектот: ***"Помош во спроведувањето на новата законска регулатива за EIA (Оценка на влијанието врз животната средина) процесот во Македонија"***.

Главната цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на владините институции и другите заинтересирани страни вклучени во спроведувањето на EIA процедурата во согласност со новиот предлог Закон за животна средина хармонизиран со ЕУ регулативата.

Во проектните активности акцент ќе се стави на зајакнување на капацитетите во однос на сознанијата за воспоставување на EIA акредитационен систем на експерти кои ја подготвуваат EIA студијата како и дефинирање на листата на проекти за кои е потребна изработка на EIA студија.

Остварувањето на целите на проектот е планирано преку реализирање на следните активности:

- Мисија на меѓународен експерт за дефинирање на Работната задача, дефинирање на методологијата на работа и собирање на сите релевантни материјали во однос на новата законска регулатива (беше реализирана во периодот 16-18 декември 2004 година);
- Организација на дводневна работилница со сите заинтересирани страни за EIA акредитациониот систем за експерти на меѓународно ниво како и разгледување на листите за проекти за кои е потребна EIA студија по однос на тип и капацитет на проектите (10-11 февруари 2005 година);
- Подготовка на процедура за EIA акредитациониот систем за експерти во Македонија и дефинирање на дополнителни критериуми кои треба EIA експертите да ги исполнат (планирана е за февруари 2005);
- Организација на дводневна работилница со сите заинтересирани страни за дискусија на предложениот EIA акредитационен систем за експерти (планирана е за средината на март 2005 година).
- Подготовка на финална верзија на документот кој ќе ги содржи процедурите за воведување на EIA Акредитациониот систем за експерти во кој ќе бидат вклучени забелешките и коментарите од сите заинтересирани страни (планирана е за март 2005 година).

*Лице за контакт:*
**Славјанка Пејчиновска - Андонова**
*Раководител на Проектот*
e-mail: slavjanka@rec.org.mk

# ДОДЕЛЕНИ ПЕДЕСЕТ ИЛЈАДИ ЕВРА НА ОСУМ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Осум Невладини организации добија Грантови во вкупен износ од 50,439 Евра во вториот циклус од "Националната Програма за доделување на грантови за НВОи од областа на одржлив развој" која ја Спроведува РЕЦ во земјите од Западен Балкан, финансиски обезбедена од Канцеларијата за соработка "Europe Aid" на Европската Комисија.

Селекцијата на грантовите се одвиваше во две фази како што беше прецизирано во *Повикот за доставување на концепти за предлог проекти на НВОи во областа на одржливиот развој* во рамките на програмата. Во рамките на првата фаза, Невладините Организации можеа да ги доставуваат своите концепти за предлог проекти до 31 август 2004 година. До крајниот датум беа доставени 73 концепт документи до Канцеларијата на РЕЦ. Директорот и персоналот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија ги разгледаа сите концепти и ги оценија според критериумите кои беа поставени во Повикот за доставување на концепти; притоа, носителите на 24 концепти беа повикани да изготват целосни предлог проекти.

Крајниот рок за доставување на пријавите беше 15 октомври 2004 година, при што 21 предлог проект беа пристигнати во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија и им беа доставени на членовите на Локалниот Советодавен Одбор за оценување и рангирање. На 3 ноември 2004 година се одржа состанок за оценување на пријавите на кој присуствуваа членовите на Локалниот Советодавен Одбор, Директорот на Канцеларијата на РЕЦ и еден член од Персоналот на РЕЦ Канцеларијата во Македонија. Оценувањето и рангирањето се изврши според критериумите кои однапред им беа претставени на носителите на предлог проектите. По деталното разгледување и бодување на сите пријави, членовите

| Р. Б | Број на проектот | Наслов на Проектот | НВО носител на проектот | Одобрена сума |
|---|---|---|---|---|
| 1 | НГ 10162 | **Искористување на Медицинските Растенија и Габи Алтернатива за подобрување на животниот стандард во Мариово** | **Македонско Миколошко Друштво** - Скопје<br>Раководител: Софче Спасикова<br>контакт: sofce_sss@yahoo.com | **5,040 Еур** |
| 2 | НГ 10164 | **Одржливо земјоделие - здрав живот** | **"Еко-Градинар"**, Здружение на земјоделски производи и градинари - с.Добрејци, Струмица,<br>Раководител: Љубица Тимова<br>контакт: ekogradinar@mt.net.mk | **6,005 Еур** |
| 3 | НГ 10166 | **Органско Производство** | **"Осогово"**, Здружение за заштита на природата и развој на демократијата - Крива Паланка<br>Раководител: Кире Дејановски<br>контакт: ngo_osogovo@yahoo.com | **6,240 Еур** |
| 4 | НГ 10167 | **Стари животни стилови - нови можности** | **АЛКООП** - Алијанса за соработка за езерата во Охрид и Преспа<br>Раководител: Јованчо Секуловски<br>контакт: allcoop@allcoop.org.mk | **6,630 Еур** |
| 5 | НГ 10170 | **Кон иднината со Одржливо Земјоделие** | **Еколошко Друштво "Биос"** - Радовиш<br>Раководител: Славе Трајанов<br>контакт: slbios@yahoo.com | **7,974 Еур** |
| 6 | НГ 10178 | **Изработка на Акционен План за одржлив развој на Галичник** | **Македонско Еколошко Друштво** - Скопје<br>Раководител: Марјана Шушлевска<br>контакт: mes@iunona.pmf.edu.mk | **7,050 Еур** |
| 7 | НГ 10180 | **Развој на Екотуризмот во Берово** | **Здружение на инженери на животната средина "Развојна Програма"** - Скопје<br>Раководител: Александра Каракашова<br>контакт: seedp@freemail.com.mk | **5,050 Еур** |
| 8 | НГ 10181 | **Иницијатива за донесување на легислатива и подигање на јавната свест за ГМО во Р. Македонија** | **Движење на Екологистите на Македонија**<br>Раководител: Ненад Коциќ<br>контакт: dem@dem.org.mk | **6,450 Еур** |

*Листа на добитници на грантови за одржлив развој*

на Локалниот Советодавен Одбор одлучија да бидат финансирани 8 предлог проекти со вкупна сума од 50,450 Евра што РЕЦ ја додели за овие проекти чија вкупна вредност на истите изнесува 76,854 Евра од кои 13,146 Евра се од други извори.

По оценувањето, РЕЦ организираше состаноци со Раководителите на проектите предложени од страна на НВОите носители на проектите. со цел запознавање на меѓусебните обрски и задачи кои треба да се превземат при реализацијата на проектите. На состаноците воедно беа потпишани и договорите за добивањето на финасиска поддршка.

*Лице за контакт:*
**Столе Георгиев**
e-mail: stole@rec.org.mk

# THE REC CAPACITY BULDING PROGRAM

Through our capacity-building programme we continue to offer opportunities for environmental activists to broaden environmental expertise and accelerate progress in the region. Our main goals are to increase the individual capacity of present and future environmental leaders and to support the development of institutions and programmes for environmental capacity building in Central and Eastern Europe (CEE).

## The Internship Programme of the REC



This REC Program:

- Assists young environmental professionals from within and outside of the Central and Eastern European region in developing their careers;
- Improves cooperation between the REC and other organizations;
- Extends the REC's network in the region and beyond.

Interns should come from a university background. Interns may be able to work within the REC's own projects. The interns' work must be relevant to environmental topics in Central and Eastern Europe and will be carried out in concert with ongoing REC projects. During the internship, interns are assisted by a tutor from the REC staff. They have access to REC resources - such as the library, an Internet connection and e-mail - and they can take advantage of the REC's contacts in the region. The internships usually last between one and six months, though internships of more than one month are preferred. REC hosts approximately eight interns each year.

More inforamtion: http://www.rec.org/REC/Programs/Internship.html

## Course for Sustainability

This course aims to enhance the capacity of key senior government officials in the target countries to make more sustainable policies: environmentally, socially and economically. The programme is directed at senior government officials in six Central and Eastern European countries (Bulgaria, Croatia, Hungary, Poland, Romania and Slovenia).

Participants will include a broad mix of government officials from ministries of environment, water, energy, education, health, finance and interior, as well as from regional development agencies. To ensure the most relevant officials to participate, selection will be based on the existing governmental structures and responsibilities for implementing sustainable development policy.

The course enables participants to:



-join a high-level network of CEE government officials dedicated to sustainable development;
-build substance into their policy making on sustainable development; and
-develop and gain an overview of different approaches toward sustainability.

More informations: http://www.sustainablecee.net/index.html

## Training for Young Environmental Leaders Programme for CEE



What do you make of this?



The world is in your hands.



***Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?***
***Do you have the potential to be a leader?***
***Are you ambitious, talented and resourceful?***
***Are you hungry to learn new skills and broaden your horizons?***
***Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!***

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organizational and technological methods in a stimulating international atmosphere. The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

More information: http://www.rec.org/REC/Programs/Jfellows.html

**Schedule for 2005**

| *Training period* | *Application Deadline* |
|---|---|
| January 31 – February 26, 2005 | September 3, 2004 |
| April 4 – 30, 2005 | February 18, 2005 |
| September 5 – October 1, 2005 | July 15, 2005 |

**Schedule for 2006**

| *Training period* | *Application Deadline* |
|---|---|
| January 30 – February 24, 2006 | November 25, 2005 |
| May 8 – June 2, 2006 | February 17, 2006 |

**Capacity Building Programme**
Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut 9-11
2000 Szentendre, Hungary
Tel: (36-26) 504-000
Fax: (36-26) 311-294
E-mail: Adriana@rec.org

# ПОМОШ ВО ИЗГОТВУВАЊЕ НА НОВА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ХЕМИКАЛИИ ВО МАКЕДОНИЈА

На почетокот на ноември (11-12 ноември 2004 година) во организација на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија се одржа национална работилница *“Транспозиција на законодавството за хемикалии на ЕУ во Република Македонија“* во рамките на проектот *“Помош за изработка на нацрт закони за животна средина во земјите на Југоисточна Европа“*, како дел од РЕРеП (Регионалната Програма за реконструкција на животната средина во Југоисточна Европа).

Проектот има за цел да помогне во процесот на подготовка на националните закони од областа на животната средина на земјите од Југоисточна Европа во согласност со законодавството на Европската Унија. Активностите во Македонија се спроведуваат заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Цел на националната работилница беше да се даде преглед на законодавството на ЕУ за управување со хемикалии, претставување на искуства од земји членки на ЕУ (Германија, Словенија) и земји кандидати за членки на ЕУ (Бугарија) во однос на институционалната поставеност за управување со хемикалии. Беше претставена новата програма на ЕУ за хемикалии REACH (Регистрација, испитување и авторизација на хемикалии), а исто така беше претставено и неодамнешното искуство во апроксимација на националното законодавство за хемикалии на Србија и Црна Гора. Од страна на претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање беше претставено македонското законодавство кое се однесува на увозот, производството и употребата на хемикалии.

Националната работилница се одржа во Скопје и предизвика голем интерес (46 учесници беа присутни на работилницата) кај владините иститутции од областа на земјоделие, здравство, економија, животна средина, академските институции и научно-истражувачките центри кои работат со хемикалиите, бизнис фирмите кои произведуваат и увезуваат хемикалии и невладините организации.

Работилницата послужи како добра основа за понатамошните активности во рамките на проектот на истата тема кои се состојат во мисија на правни експерти на почетокот на јануари во нашата земја и разговор со релевантните институции. Се очекува од странските правни експерти да дадат предлог за концептот на новата законска регулатива за хемикалии во нашата земја.

Кон крајот на јануари 2005 година група на правни експерти од областа на хемикалиите од Македонија ќе заминат за Словенија во посета на Националното Биро за хемикалии, фабриката KRKA-производител на лекови и хемикалии која има сертификат за Добра лабораториска пракса (GLP) и посета на Министерството за животна средина на Словенија.

Се очекува за време на посетата нашите претставници да се здобијат со сознанија за царинска контрола на хемикалиите, регулирање и контрола на опасните хемикалии, формирање и одржување на регистер-база на хемикалии, инспекција на хемикалиите и проценка на ризикот од изложеност на хемикалии, меѓусекторската соработка на владините институции и институционалната поставеност за регулирање на увоз, прометот и производството на хемикалии во Словенија.



*Презентација на постојната Законска регулатива за хемикалии во Македонија и активностите кои ги превзема МЖСПП за апроксимација кон ЕУ легислативите*

*Лице за контакт:*
**Славјанка Пејчиновска - Андонова**
*Раководител на Проекти*
e-mail: slavjanka@rec.org.mk

# РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО СЕКТОРОТ ТРАНСПОРТ

Претставници на Министерствата одговорни за животна средина, транспорт, просторно планирање, патна инфраструктура, претставници на градскиот јавен превоз, научни институции и невладините организации од



Следење на презентациите на Регионалната средба за транспорт

Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Црна Гора и Косово (територија под администрација на ОН) се состанаа во Загреб во периодот 25-26 ноември 2004 година да дискутираат за правните, институционалните и економските мерки кои ќе придонесат кон интеграција на политиките на животната средина во секторот транспорт.

Регионалната средба на високите претставници од Југоисточна Европа беше организирана од страна на Главната Канцеларија на РЕЦ со седиште во Сентендре-Унгарија, а финансирана од Министерството за надворешни работи од Кралството Норвешка.

Основен материјал за дискусија во рамките на средбата беше подготвениот Извештај *“Урбаниот транспорт и интеграција на политиките на животната средина во земјите на Југоисточна Европа“* врз база на пополнетите прашалници за главните проблеми со животната средина предизвикани од транспортот, мерки кои се превземаат за интегрирање на политиките на животната средина при секторското одлучување. Тука пред се се мисли на законската регулатива за емисии од мобилни извори, квалитет на воздух и квалитет на горива, изработката на *Оценка на влијанието врз животната средина* (EIA) за инфраструктурни транспортни проекти и Стратешка оценка на влијание врз животната средина врз просторни и урбанистички планови, институционалните мерки како и економските инструменти кои се применуваат со цел да се промовира градскиот транспорт, употребата на безоловниот бензин и купувањето на нови возила кои трошат помалку гориво.

Македонија беше претставена на средбата со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Фондот за патишта, Министерството за транспорт и врски, ЈСП “Скопје“, Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови, НВО-Проактива и РЕЦ-Канцеларијата во Македонија.

Средбата заврши со Заедничка изјава и препораки за понатамошно заедничко дејствување на регионално ниво и формирање на мрежа на експерти и високи претставници од оваа област од земјите на Југоисточна Европа.

*Лице за контакт:*
**Славјанка Пејчиновска - Андонова**
*Раководител на Проекти*
e-mail: slavjanka@rec.org.mk



# ЕкоВести - ЕкоВести - ЕкоВ

## Поблиски

Луѓето на Балканот навистина не се познаваат штом во овој регион сеуште тлеат конфликтни состојби. Да си одиме почесто на посета, да се запознаеме за да разбереме колку сме блиски. Тоа е целта на англиската програма “Alavida". Во рамките на оваа програма се реализира проектот "International Exchange of Successful Environmental Practices" од OCOSUR (Јавен центар за животна средина и одржлив развој) од Варна-Бугарија и партнерската организација од Македонија, Проактива од Скопје. Целта на проектот не беше само запознавање, размена на идеи и визии, туку и на взаемно искуство од двете страни.

Четири претставници од OCOSUR - Илијан Илиев, Тодор Славов, Александра Коларова и Ирина Рачева на крајот од август го посетија Скопје и се запознаа со организациите и институциите кои работат на полето на заштита на животната средина од овој град. Во рамките на посетата беа и средбите со претставници на Канцеларијата за комуникација со јавноста при Министерството за животна средина и просторно планирање, локалните канцеларии на РЕЦ и Milieukontakt Oost-Europa, општина Карпош, невладините организации ОХО и Ерина и уште неколку неформални средби, додека поради објективни причини беше откажана средбата со канцеларијата на ЛЕАП - Скопје.

Околу еден месец потоа Владимир Карчицки, Илија Саздовски, Јован Драгановски и Валентина Тодороска ја возвратија посетата. Таму практично им беа претставени активностите на OCOSUR: кампањата за селектирање на отпадна хартија “Лист по лист“, кампањата за озеленување на објекти со брзорастечки растенија, еко-образованието на децата од школска и претшколска возраст, активностите за енергетска ефикасност и промоција на поодржлив транспорт и сл. Покрај тоа беа одржани средби со градоначалникот на најголемиот реон во Варна - Приморско и повеќе невладини организации.

На крајот од проектот беше издаден билтен на македонски и бугарски во кој се наведени искуствата на учесниците во проектот.

Комуникацијата и понатаму продолжува, а и едната и другата организација почнаа со подготовка за реализација на идеите кои ги добија преку овој проект.

*Контакт:*
**Илијан Илиев,**
OCOSUR, Варна - Бугарија
e-mail: pecsd@net-bg.net
**Владимир Карчицки,**
Проактива - Македонија
e-mail: kac@proaktiva.org.mk




*Посета на гостите од Бугарија во Канцеларијата за Комуникација со Јавност при МЖСПП*



*Посета кај Градоначалникот на областа Приморско - Варна, Република Бугарија*

# ести - ЕкоВести - ЕкоВести

## Подготвителен проект за поддршка на инвестиции од областите на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

Глобалниот фонд за животна средина (Global Environmental Facility, GEF) е меѓународна организација која обезбедува грантови за земјите во развој за проекти од кои има корист глобалната животна средина. Иницијално, ГЕФ му одобри грант на Министерството за економија наменет за промовирање на енергетската ефикасност (ЕЕ) и обновливите извори на енергија (RE) во земјата. Светската банка (World Bank, WB) е претставник на ГЕФ во подготвителната и имплементационата фаза.

Како прв чекор, дел од овој грант се наменува за подготовка на целата програма и вклучува дизајнирање на две организации:

· *Project Development Assistance Facility (PDAF)* која ќе обезбеди техничка помош на корисниците и инвеститорите и ќе ги потпомага подготвителните активности на проектите (пр. енергетски ревизии, физибилити студии)

· *Sustainable Energy Financial Facility (SEFF)* која ќе управува со фондот и ќе ги спроведува инвестициите во ЕЕ/РЕ проекти преку кредити, гаранции и други финансиски механизми.

Министерството за Економија ја одреди грчката консултантска компанија за енергија и животна средина EXERGIA S.A да ја дизајнира PDAF и да состави почетно портфолио на EE/RE проекти во земјата.

Во рамките на овој грант се подготвува Програма за поддршка на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија во земјата. Успехот на оваа програма и максимизирањето на бенефициите за енергетските корисници зависат од бројот и квалитетот на плановите за инвестиции во областите на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергијата кои како кандидати ке се утврдуваат во сите економски сектори.

Во моментот се собираат информации за можните остварливи проекти кои би можеле да добијат финансиска поддршка преку грантот од ГЕФ. По воспоставувањето на почетната база од планови за инвестирање, ќе се изврши оценка на остварливоста за неколку репрезентативни, ветувачки инвестиции во EE и RE.

Ако Вашата организација планира EE/RE проекти и е заинтересирана за иницијативата на ГЕФ, Ве молиме да се обратите во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали при Македонската Академија на науки и уметности (МАНУ).

*Контакт:*
**Д-р Наташа Марковска**
*Научен соработник*
Истражувачки центар за енергетика
информатика и материјали -МАНУ
e-mail: natasa@manu.edu.mk
тел: 02/ 3235 427
факс: 02/ 3235 423



# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. “Митрополит Теодосиј Гологанов“
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

тел: (02) 3131 904
факс: (02) 3128 116

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*